## Индикатори за квалитет на успешност наработењето на училиштето

---

### Подрачје 5 . Комуникациски односи со јавноста
**Ниво при евалуација: многу добро**

| Бр. | Индикатори за квалитет | Т е м и: |
|---|---|---|
| **5.1** | Комуникации на ниво на училиште | 5.1.1Комуникација: претпоставен - подреден вработен<br>5.1.2 Комуникација: стручен соработник - наставник<br>5.1.3 Комуникација: наставник - наставник<br>5.1.4 Комуникација: наставник/ стручен соработник со административно технички персонал<br>5.1.5 Состанок на Наставнички совет<br>5.1.6 Состанок на Одделенски совет<br>5.1.7 Состанок на стручни активи<br>5.1.8 Состанок на менаџерски тим<br>5.1.9 Состанок на тимови на ниво на училишта |
| **5.2** | Комуникации на ниво на училница | 5.2.1 Комуникација: наставник- ученик<br>5.2.2 Комуникација: ученик-ученик<br>5.2.3 Комуникаија ученик –стручна служба |
| **5.3** | Комуникации со окружувањето на училиштето | • Известување на родителите за напредокот на учениците |
| **5.4** | Промовирање на постигањата | • Промовирање на личните постигања на учениците<br>• Промовирање на постигањата во име на училиштето |

## Индикатори за квалитет на успешност наработењето на училиштето

---

### Индикатор 5.1. Комуникации на ниво на училиште
**Ниво при евалуација: многу добро**

| | |
|---|---|
| **Теми:** | 5.1.1 Комуникација: претпоставен - подреден (вработен)<br>5.1.2 Комуникација: стручен соработник - наставник<br>5.1.3 Комуникација: наставник - наставник<br>5.1.4 Комуникација: наставник/ стручен соработник со административно технички персонал<br>5.1.5 Состанок на наставнички совет<br>5.1.6 Состанок на одделенски совет<br>5.1.7 Состанок на стручни активи<br>5.1.8 Состанок наменаџерски тим<br>5.1.9 Состанок на тимови на ниво на училиште |
| Извори на податоци | |
| • Наставни планови и програми донесени од БРО<br>• Нормативни акти на училиштето<br>• Педагошка евиденција и документација<br>• Записници од Наставнички совети на училиштето и записници од одржаните состаноци на активите | Во нашето училиште постои комуникација помеѓу директорот и вработените (наставници, стручната служба, техничката служба како и другите вработени). Вработените редовно се информираат за сите превземени и планирани активности. Информирањето се одвива преку соопштенија, состаноци или по електронски пат. Директорот секогаш навремено го информира Одделенскиот Совет и Наставничкиот совет за одржувањето на состаноците/информирањето се реализира преку писмени соопштенија или по |

| | |
|---|---|
| • Записници од Одделенски совети<br>• Годишна програма на училиштето<br>• Дневници напаралелките<br>• Летописни книги<br>• Училишна тетратка со соопштенија<br>• Брошури Web страна на училиштето | електронски пат, како и за претстојниот дневен ред на состанокот кој се планира и се води сметка за задолжителноста на присуството, која се еведентира со списоци за присуство. Дневниот ред уредно се става на гласање, за истиот има усвојување и директорот побарува и дозволува дополнување на истиот од страна на наставниците. За истите состаноци и нивниот тек се води уредно записник, кој истиот се чита пред присутните и се става на гласање. Записникот е од предходниот одржан состанок. Предлозите за дополнување се прифаќаат и ставаат на дневенред. Секогаш кога некој од присутните има што да додаде и ако истите предлози се основани односно поврзани со тековните работи, истите се додаваат во записникот. Освен предлозите, исто така и идеите или мислењата на дадените предлог точки слободно се изложуваат и уредно се водат записници од одржаните состаноци и се еведентира присуството. На одделенските совети присуствуваат и учествуваат во дискусиите одделенските, предметните наставници и стручната служба. Состаноците на Совет на паралелките-одделенските совети се одржуваат согласно предвидената динамика во Годишната програма за работа на училиштето. Од страна на наставниците се даваат конструктивни предлози за подобрување на наставниот процес, подобрување на постигањата, редовноста, дисциплината на учениците како и за тековните проблеми и барање решенија кон заедничко разрешување. Се разговара за потешкотиите со кои се соочуваат во реализацијата на одредени аспекти од програмата која е во состав на Годишната програма на училиштето. Се разглегуваат поединечно и успехот и поведението на учениците и од страна на одделенските раководители се посочуваат ученици со поголем број на отсуства (оправдани или непоправдани) или ученици со проблеми со дисциплината, и наставниците заедно пронаоѓаат начини за постапување по одредените теми и се изрекуваат педагошки мерки (пофалби или казни). Се донесуваат и усвојуваат дисциплински мерки со цел да се влијае на подобрувување на дисциплината, а сотоа и на целолупниот наставен процес. Истотака се разменуваат мислења за надарените ученици, како тие да се стимулираат или наградуваат. Во зависност од тековните потреби покрај планираните задолжителни состаноци се оддржуваат и вонредни.Тековните проблеми се решават заеднички и се работи на идентификување на истите. Во второто полугодие од учебната 2019/2020 година, Одделенските и Наставничките совети беа реализирани преку ЗООм заради светската пандемија со Ковид 19. Стручните служби даваат поддршка во изработка на планирањата на наставниците (годишни, тематски, други планирања поврзани со ВОП). Ги идентификуваат децата со ПОП, емоционални и друг вид на потешкотии и помагаат во работата со истите и изготвување на програми за индивидуализирана работа. Вршат посети на редовните часови, присуствуваат и на отворените часови, |

| | |
|---|---|
| | вршат десиминација на обуки. Постои одлична соработка и помеѓу наставниците од иста или различна група на предмети и активи. Наставниците разменуваат искуства и идеи на ниво на стручните активи и мини активи. Постои соработка при реализација на отворени часови, се врши редовна дисеминација по спроведени обуки/семинири на ниво на училиште. Се остварува и соработка со наставници од други училишта во оштината, други општини и надвор од државата (преку разни проекти и други актвности планирани со ВОП). Административно-техничкиот персонал обезбедува навремени информации за сите законски измени кои се од интерес на вработените. Се грижи за хигиената и техничките и други потреби тековни работи во училиштето. Редовно се одржуваат планираните состаноци на кои се даваат конструктивни предлози за подобрување на севкупното работење на училиштето во наставните и воннаставните активности. На состаноците на Стручните активи се даваат предлози за подобрување на плановите за час, примена на нови наставни форми, методи и стратегии на учење и посета на отворени часови. Се даваат предлози за меѓупредметна интеграција за примена на ИКТ вонаставата, нови техники и методи на работа,изработка на проектни активности. Се превземаат активности со кои ќе се подобри квалитетот на наставата и ќе се подобрат стандардите и критериумите за оценување. На стручните активи се разменуваат мислења и искуства на работата на наставниците. Менџерскиот тим, составен од директорот и службите редовно се состанува, разговара за новонастанта состојба во училиштето. Со цел подобрување на квалитетот и ефективноста на работењето на училиштето во нашето училиште формирани се и работат: Тимза Меѓуетничка инеграција на младите во Македонија - МИМО и инклузивен тим за децата со ПОП. |

## Индикатори за квалитет на успешност наработењето на училиштето

### Индикатор 5.2. Комуникации на ниво на училница

**Ниво при евалуација: многу добро**

| **Теми:** | 5.2.1. Комуникација: наставник - ученик<br>5.2.2. Комуникација: ученик - ученик<br>5.2.3. Комуникација: стручен соработник - ученик |
|---|---|
| Извори на податоци | |
| • Наставни планови и програми донесени од БРО<br>• Годишни–тематски планирања на наставниците, седмични, дневни, процесни.<br>• Нормативни акти на училиштето<br>• Педагошка евиденција и | Во нашето училиште постои одлична соработка меѓу наставниците и учениците, а условите и климата за работа, се одлични и се показател за постигнатите резултати и успеси, од коисесогледува состојбата, условите и климата за работа. Учениците редовно се информираат за своите права и обврски и сите активности кои се реализираат или се планираат во училиштето. Наставниците имаат воспоставено добра комуникација со |

| | |
|---|---|
| документација<br>• Записници од родителски совети на училиштето (СР)<br>• Записници од родителски средби<br>• Записници од Наставнички совети на училиштето и активите<br>• Годишна програма на училиштето<br>• Покани за учество на семинари<br>• Застапеност на изборните предмети по паралелки<br>• Дневници напаралелките<br>• Подготовка за натпревари<br>• Летописни книги<br>• Училишна тетратка со соопштенија<br>• Брошури<br>• Web страна на училиштето<br>• Разговор со директорот<br>• Разговор со стручната служба<br>• Разговор со ученици, наставници и родители<br>• Педагошка евиденција и документација<br>• Воннаставни активности<br>• Програма за дополнителна и додатна настава<br>• Пофалници<br>• Годишна програма за работа на училиштето<br>• Благодарници<br>• Дипломи<br>• Признанија<br>• Награди,пехари, медали<br>• Анкета за наставници, родители и ученици<br>• Записници од Наставнички совети<br>• Полугодишен и Годишен извештај<br>• Web страна на училиштето | учениците, еднаков приод, взаемна почит и поддршка. За време на часовите се превземаат активности за обезбедување на пријатна атмосфера за работа. За напредокот и постигањата се дава редовна усна и писмена повратна информација, а постои и можност за помош и поддршка на учениците со ПОП, емоционални, социјални и здравствени потешкотии. Наставникот гради клима на довреба и соработка со учениците и нивните семејства.<br>Училиштето им овозможува на сите заинтересирани ученици да бидат вклучени во вонnаставни активност во зависност од нивните желби, можности, умеења и афинитети, неисклучувајќи ги притоа учениците со посебни потреби и учениците кои потекнуваат од семејства со низок социоекономски статус.<br>Учениците се вклучуваат во воннаставнитеактивности по сопствен избор и желба, при тоа имајќи право да земат учество и во планирањето на истите.<br>Значи, во училиштето редовно се анализираат воннаставни активности, како и дополнителна и додатна настава од второ до деветo одделение, согласно ЗОО и за истите наставниците имаат програми за реализирање, а соодветно ја бележат и самата реализација. Во истите застапени се деца без оглед на половата и етничката припадност. Придобивките од воннаставните активности се големи, постои дружба, социјализација, се развиваат комуникациските вештини, креативните способности, се проширувaат знаењата, умеењата, се развиваат вештините, се афирмира училиштето. Учениците подолго време минуваат во училиште, а со тоа поголема е можноста од заштита од сите негативни надворешни влијанија.<br>На сите ученици кои учествуваат на натпреварите, по било кој предмет и на било кое ниво, им се дава морална поддршка од страна на сите наставници, стручната служба и од директорот за нивното учество. Истите ученици, согласно интерниот Правилник за ослободување на учениците од час/ настава, се ослободуваат од настава на денот на одржување на натпреварот, а потоа, до колку е потребно, им се дава помош во совладување на содржините кои се реализирале на часовите од кои тие отсуствувале, но најчесто за тоа нема потреба бидејќи учениците редовно си ги совладуваат предадените наставни содржини.<br>Се освојуваат голем број на награди, а наградените ученици, кои преку своите награди придонеле за афирмација на нашето училиште, се пофалуваат преку усни (разглас) и писмени соопштенија, на состаноците на СР, на Наставнички совети. На транспарентен и демократски начин се врши изборот на претставниците во Ученичката заедница и Ученичкиот парламент, како и ученикот и првенците на генерација. Постои меѓусебна соработка за помош и поддршка при совладување на одредени наставни содржини. Учениците учествуваат во изготвување на Кодексот на училиштето, се грижат за |

| | |
|---|---|
| | хигената и животната средина, заедно со своите наставници и придонесуваат во нејзиното уредување. Учениците се информирани за работата што стручните соработници ја извршуваат во училиштето и имаат слобода да побараат помош и поддршка доколку се соочат со билокаков проблем во и надвор од училиштето. Се даваат редовни информации и се спроведуваат активности при професионална ориентација и одредување на идното занимање. За подобрување на успехот, редовноста и дисциплината се организираат советувања. |

## Индикатори за квалитет на успешност наработењето на училиштето

**Индикатор 5.3.** Комуникации со окружувањето на училиштето
**Ниво при евалуација: многу добро**

| **Теми:** | • 5.3.1 Комуникација со родителите на учениците<br>• 5.3.2 Комуникација со МОН<br>• 5.3.3 Комуникација со БРО<br>• 5.3.4 Комуникација со ДПИ<br>• 5.3.5 Комуникација со ДИЦ<br>• 5.3.6 Комуникација со локалната самоуправа<br>• 5.3.7 Комуникација со граѓански здруженија<br>• 5.3.8 Комуникација со бизнис сектор<br>• 5.3.9 Комуникација со други образовни и културни здруженија и институции |
|---|---|
| Извори на податоци | |
| • Интернет портал;<br>• Одделенски дневници;<br>• Електронски дневник;<br>• Увид во педагошка евиденција и документација;<br>• Анкети со родители;<br>• Евиденција на наставници за остварени индивидуални средби и соработка со родители;<br>• Родителски средби;<br>• Отворени денови;<br>• Приемни денови;<br>• Писмени извештаи; Инструмент за следење ивреднување на работата на наставникот за оценувањето на напредокот на учениците.<br>• Записници од Совет на родители.<br>• Евидентни листови. | Учениците и нивните родители се информираат за напредокот на учениците преку усната и писмената оценка, индивидуални разговори на приемни часови и отворени денови на наставниците, по потреба и на средби со директор и стручна служба, на родителски средби. Значи, училиштето има утврден систем за известување на родителите за напредокот на нивните деца и доследно го применува. Системот вклучува редовно прибирање информации за напредокот и постигањата на учениците и давање транспарентна и конкретна повратна информација на родителите и учениците за оценката, вклучувајќи и детални препораки за подобрување на постигањата за секој ученик посебно. Индивидуалните средби наставниците ги евидентираат во дневникот на паралелката, во е- дневникот и / или во посебна своја тетратка. Родителите добиваат пишани извештаи и евидентни листови со информации и детали за напредокот на нивното дете по секој наставен предмет, вклучувајќи информации за личниот и социјалниот развој на детето, особено во првото трилетие.<br>Во функција на транспарентноста, е-дневникот е дел од училишниот веб-портал на кој секој родител може лесно |

| | |
|---|---|
| | да пристапи, следејќи ги насоките од администраторите на е - дневникот при МОН и да биде информиран како за оценките и редовноста на своето дете така и за актуелните настани во училиштето, писмени работи и други образовни активности.<br>Со оглед на новонсаната вонредна ситуација на ниво на држава, редовно, родителите од страна на одделнските раководители се информираа по електронски пат за редовноста и успехот од третото тримесечие и годишните оценки. Советниците и инспекторитеод МОН, БРО и ДПИ повремено вршат посета на нашето училиште.<br>Училилиштето е во постојана комуникација со ДИЦ. Се остварува соработка со ЛС преку аплицирање за проекти значајни за подобрување на условите за работа на училиштето, курсеви и натпревари кои ги организира ЛС, а вршиме и посета на институциите од ЛС која ни е предвидена со годишните програми. Соработката со граѓански здруженија се остварува со реализација на одредени проекти, акции и слично. Училиштето остварува соработка со бизнис секторот. Реализира одредени заеднички проекти, акции и слично. Училиштето остварува контакт со други образовни институции. На крајот од учебната 2019/2020 година средни училишта испратија електронски презентации за своите училиштаи класните раководители на деветто одделение на тој начин ги запознаваа учениците со условите на истите.<br>Донаторите на училиштето најчесто се нашите родители или фирми од бизнис секторот кои сакаат да му помогнат на училиштето во одредени сегменти во неговото работење. |

## Индикатори за квалитет на успешност наработењето на училиштето

---

## Индикатор 5.4. Промовирање на личните постигања на учениците

**Ниво при евалуација: многу добро**

| **Теми:** | • Промовирање на личните постигања на учениците<br>• Промовирање на постигањата во име на училиштето |
|---|---|
| Извори на податоци | |
| Годишен извештај за работа на ООУ „Владо Тасевски – Скопје “- Скопје за учебната 2018/19, 2019/2020<br><br>Полугодишен извештај за работа на ООУ „Владо Тасевски – Скопје “-Скопје за учебната 2018/2019, 2019/2020 год | **Интерни односи со јавност**<br>Училиштето креира партнерски однос со сите чинители на локално, регионално и национално ниво. Училиштето по пат на соопштенија, огласни табли, флаери, плакати, билтени, навремено ги информира учениците за целокупниот воспитно образовен систем и разновидни културно-општествени активности и ги анимира за учество во истите. На почетокот на учебната годинародителите на учениците првачиња имаат можност преку флаери да се запознаат со основните информации за воспитно-образовната работа на училиштето. По повод приемот на учениците во прво одделение училиштето подготвува свечена приредба на која се поканети и родителите/старателите |

| | |
|---|---|
| Пофалници, дипломи, признанија, билтени, писма, флаери, печатени медиуми (весници, списанија, летоци, брошури), огласни табли, фотографии, видео записи, CD материјали, ученички алманах, лични средби | како и претставници од локалната заедница. Спроведените активности имаат за цел да го подобрат воспитно - образовниот процес кај учениците и да ги развијат комуникативните компетенции на релација ученик - наставник и ученик - ученик. Училиштето редовно ги информира родителите/старателите, за целокупната воспитно - образовна работа на училиштето и во согласност со тоа развива цел спектар на форми со кои тоа ќе го реализира. По пат на анкети и прашалници училиштето ги испитува и ги зема во предвид нивните мислења и сугестии. На редовните родителски средби се информираат родителите за наставните и воннаставните активности, начинот на реализација, следење и вреднување на учениците заведено во евидентни листови. На Веб страната на Општина Карпош редовно се ажурираат податоците за работата и тековните активности кои се одвиваат во училиштата на ниво на општината. Таа е достапна за родителите како и за сите заинтересирани лица или институции. Родителите се вклучени во животот и работата на училиштето преку активно учество во проектните активности што се спроведуваат во училиштето како што се активностите во рамките на проектот ,,Интеграција на еколошката едукација во македонскиот образовен систем,,.<br>,,Проектот за меѓуетничка интеграција на младите во Македонија“, „Модернизација на образованието“, како и едукативни работилници на тема ,,Борба против болестите на зависност,,.<br>Во рамките на професионалната ориентација на учениците, родителите земаат учество преку одржување на презентации и запознавање со карактеристиките на оредени професии, струки и занимања. Училиштето поттикнува и неформално дружење помеѓу наставниците, учениците и нивните родители/старатели преку ангажман во организацијата на училишните акции и проекти како на пр.:Новогодишна работилница , собирни хуманитарни акции за нашите другарчиња /семејства-социјални случаи, „Априлијада“, интерни театарски претстави на ниво на паралелки, како и многу други. Преку активностите на Детската организација се одбеле - жуваат одредени денови кои се посочени како Ден на учителот, Ден на детето, како и одбележување на Денот на училиштето, под кој се подразбира подготовка на учениците, вработените и родителите со различни тематски активности. Во учебната 2019/2020 година, заради учењето од далечина, заради светската пандемија со Ковид 19, Априлијадата се одржа преку комуника-циски канали од типот вибер, месинџер, меил, видео запис.<br>**Екстерни односи со јавност**<br>Со цел да го зголеми својот углед и да ја промовира својата работа во локалната заедница и пошироко, училиштето по пат на презентации, соопштенија и публикации континуирано го унапредува квалитетот на соработката со локалната заедница, истовремено информирајќи ги и за проблемите со кои се соочува. На тој начин овозможува стекнување доверба, создавање добра волја и поволно мислење како член на заедницата. Целокупниот воспитно - образовен процес во училиштето е јавен и транспарен-тен. Во јавноста освен постигањата и резултатите од учество на учениците во натпревари на знаења се презентираат и резултатите од сите спроведени проектни активности, како и натпревари од забавно спортски карактер, учество во ТВ емисии, трибини, ликовни колонии и литературни манифестации. |

| | |
|---|---|
| | Спроведени се повеќе заеднички проектни активности, манифестации, натпревари и претстави со општината и пошироката заедница како на пример проектот „Чекор по чекор“, проектни активности поврзани со невладиниот сектор, превенција од конфликти (УНИЦЕФ во соработка со БРО), завршен концерт на крајот на учебната година 2018/2019, додека такво нешто немаше на крајот од 2019/2020 заради светската пандемија со Ковид 19. Училиштето целосно ја остварува потребната комуникација и соработка со: Детски ликовен центар, Детски културен центар - Карпош, Домот за деца без родители „11Октомври“, Домот за стари лица ,,Мајка Тереза,, , здравствени установи од локалната средина ,борците, познати пејачи и други организации кои делуваат во околината. Училиштето ја остварува во целост и соработката со институции кои пружаат психолошки и здравствени услуги, со центрите за социјална помош, Црвен Крст на РМ со цел задоволување и намалување на потребите и проблемите на одредени групи ученици со кои се соочуваме во секојдневната воспитно-образовна работа. Учениците ги промовираат своите знаења и надвор од училиштето преку учество во натпревари од општински, регионален, републички и меѓународенкарактер, а резултатите и освоените награди се јавни и тренспарентни. Училиштето остварува соработка со Сојузот за грижи и воспитување на децата на Република Македонија како и Подмладокот на Црвениот Крст и во рамките на таа соработка се организира свечен прием на учениците од прво одделение во Детската организација и во Подмладокот на Црвениот Крст. Соработката со средните училишта се остварува преку најразлични форми на културно – образовни активности, а особено е значајна соработката во рамките на професионалното информирање и ориентирање на учениците. Преку посета на отворени денови на средните училишта , како и презентации, флаери и плакати, учениците и родителите имаат можност да добијат јасни и прецизни информации за критериумите, условите и уписот во средно образование. Од средните училишта редовно се добива повратна информација за запишаните ученици од нашето училиште. Континуирано се изведува соработка и организирани посети на институции од локалната заедница како библиотеки (НУБ „Св.Климент Охридски-Скопје, библиотека „Другарче“, ГБ „Браќа Миладиновци“, театри (Театар за деца и младинци, Драмски театар, МОБ), Архив на град Скопје, Цветно дефиле со Општина Карпош, музеи (Музеј на град Скопје, Музеј на Македонија, Етнолошки Музеј, Музеј на македонската борба за државност и самостојност, Природо-научен музеј и Заливот на коските), цркви (Св.Спас, Св.Софија, Св.Климент Охридски, Св.Наум) и археолошки локалитети (Скупи, Стоби, Хераклеа). |

**Резултати**

Клучни јаки страни

- Вклученост на голем број ученици во училишните активности.
- Училиштето има утврден систем за известување на родителите за напредокот на учениците.
- Постои взаемна и добра комуникација меѓу наставниците, родителите и учениците.
- Училиштето има партнерски однос со сите чинители на локално, регионално и национално ниво.

| |
|---|
| • Добра и континуирана соработка со МОН, ДПИ, ДИЦ, БРО, локална самоуправа.<br>• Учениците постигнуваат високи резултати на општински, регионални, државни и меѓународни натпревари. |
| Слабости<br>• Недостиг на информации за успехот на учениците од нашето училиште во средните училишта. |

Анализа на резултати

Соработката и комуникацијата со сите спомнати институции е взаемна, континуирана и секогаш позитивна. Во училиштето редовно и навремено се одржуваат состаноци за нормално функционирање на работата на училиштето каде наставниците заеднички дискутираат одделни случаи по потреба, донесуваат заклучоци и утврдуваат следни чекори за дејствување. Стручните активи се состануваат според предвидената динамика, разгледуваат актуелни прашања, споделуваат искуства од посетени обуки, семинари и разменуваат мислења. Постојат поголем број на тимови кои дејствуваат на различни полиња, секој според својата цел и намена. Кај поголем дел од наставниците успешно е воспоставена комуникација наставник-ученик. Присутно е взаемно почитување меѓу наставниците и учениците. Наставниците со разбирање гледаат на нивните грешки, ги прифаќаат реагирањата на учениците и соодветно одговараат на нив. Избегнуваат да создаваат конфликтни ситуациии помеѓу наставник-ученик. Учениците и наставниците споделуваат и разменуваат искуства и соработуваат на секое поле. Комуникацијата ученик-ученик продолжува и надвор од рамките на училиштето, при изработка на зададени проекти од страна на наставниците, со кој факт се истакнува вредноста на работата, на взаемно вложен труд кој се разбира води до успех. Може да се каже дека е присутно взаемно почитување меѓу наставниците и учениците. Комуникација со други образовни институции во Р Македонија исто така успешно се реализира и истата е секогаш позитивна. Постои позитивна и двонасочна комуникација помеѓу нашето училиште и МОН, БРО, ДПИ и ДИЦ. Се разменуваат податоци кои се потербни за ефикасно, ефективно и непречено функционирање на воспитно - образовниот процес. Позитивната комуникација се одвива на сите нивоа и преку сите служби во локалната самоуправа.

**ИДНИ АКТИВНОСТИ – ПРИОРИТЕТИ**

Поголема афирмација на училиштето преку локалните медиуми и преку интернет.